**20212564073**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со член 33 став (3) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 153/19), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 9.11.2021 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКАТА ВИСИНА НА ЕДНОКРАТНИОТ НАДОМЕСТОК И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ПЛАЌАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ОД РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИТЕ ОПСЕЗИ 1965-1980/2155-2170 MHZ, 1930-1935/2120-2125 MHZ И 1945-1950/2135-2140 MHZ

I

Висината на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1965-1980/2155-2170 MHz на целата територија на Република Северна Македонија, се утврдува на износ од 3 000 000.00 (три милиони) евра, а висината на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 1930-1935/2120-2125 MHz и 1945-1950/2135-2140 MHz на целата територија на Република Северна Македонија, се утврдува на износ од 2 000 000.00 (два милиони) евра.

II

Надоместокот од дел I на оваа одлука се плаќа еднократно на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

III

Оваа одлука ќе биде објавена на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации, по нејзиното влегување во сила.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 0804-222
9 ноември 2021 година
Скопје

Агенција за електронски
комуникации,
Директор,
**Jeton Akiku,** с.р.